*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/26-94*
*20.08.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026 година со Одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.21), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен**
Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип

Границите на опфатот се движат по:

- од југ и југоисток со осовина на ул."Никола Бастов",
- од североисток со осовина на магистрален пат А3 ( експресен пат)
- од запад и северозапад со следниве катастерски парцели КП 159, КП 157, КП 150, КП 893, КП 889, КП 380.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 14,47ха.

Јавната анкета и јавната презентација за Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 34 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2026 (четврток) до 13 октомври 2026 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 24 септември (четврток) 2026 година во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во

споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво,
станбени работи и заштита на
животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**